**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 септември 2024 година

## Соопштение за печатот

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: август 2024 година

– Во август 2024 година, просечната каматна стапка на вкупните кредити изнесува 5,44% и е намалена на месечна и на годишна основа за 0,02 п.п. и 0,05 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити забележа месечен и годишен раст од 0,03 п.п. и 0,41 п.п., соодветно и изнесува 1,96%.

– Кај просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2], во август е остварен месечен и годишен пад од 0,08 п.п. и 0,49 п.п., соодветно и изнесува 5,04%. Просечната каматна стапка на новопримените депозити, во август, е намалена за 0,33 п.п. на месечна основа и изнесува 2,43%, при годишен раст од 0,26 п.п.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 8.2023 | 9.2023 | 10.2023 | 11.2023 | 12.2023 | 1.2024 | 2.2024 | 3.2024 | 4.2024 | 5.2024 | 6.2024 | 7.2024 | 8.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.49** | **5.49** | **5.49** | **5.48** | **5.47** | **5.55** | **5.52** | **5.50** | **5.51** | **5.49** | **5.47** | **5.46** | **5.44** |
| Корпоративен сектор | 5.36 | 5.37 | 5.37 | 5.36 | 5.33 | 5.44 | 5.40 | 5.35 | 5.35 | 5.31 | 5.26 | 5.23 | 5.20 |
| Домаќинства | 5.61 | 5.61 | 5.60 | 5.59 | 5.59 | 5.65 | 5.64 | 5.65 | 5.65 | 5.65 | 5.66 | 5.67 | 5.66 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.53** | **5.49** | **5.55** | **5.38** | **5.21** | **5.22** | **5.35** | **4.98** | **5.47** | **5.19** | **5.08** | **5.12** | **5.04** |
| Корпоративен сектор | 5.73 | 5.50 | 5.71 | 5.39 | 5.30 | 5.21 | 5.25 | 4.73 | 5.57 | 5.16 | 4.95 | 4.96 | 4.90 |
| Домаќинства | 5.24 | 5.47 | 5.28 | 5.35 | 5.02 | 5.26 | 5.45 | 5.40 | 5.33 | 5.26 | 5.29 | 5.34 | 5.28 |
| **Вкупни депозити** | **1.55** | **1.59** | **1.67** | **1.74** | **1.79** | **1.72** | **1.76** | **1.80** | **1.82** | **1.86** | **1.88** | **1.93** | **1.96** |
| Корпоративен сектор | 2.08 | 1.94 | 1.96 | 2.23 | 2.06 | 2.07 | 2.08 | 2.12 | 2.11 | 2.21 | 2.25 | 2.28 | 2.20 |
| Домаќинства | 1.50 | 1.55 | 1.64 | 1.69 | 1.76 | 1.69 | 1.73 | 1.76 | 1.79 | 1.81 | 1.84 | 1.89 | 1.93 |
| **Новопримени депозити** | **2.17** | **2.15** | **2.32** | **2.28** | **2.37** | **2.22** | **2.31** | **2.46** | **2.54** | **2.36** | **2.52** | **2.76** | **2.43** |
| Корпоративен сектор | 1.81 | 1.65 | 1.51 | 1.71 | 2.19 | 2.02 | 2.19 | 2.52 | 2.61 | 2.38 | 2.39 | 3.03 | 1.99 |
| Домаќинства | 2.32 | 2.40 | 2.57 | 2.46 | 2.42 | 2.30 | 2.35 | 2.42 | 2.52 | 2.36 | 2.55 | 2.68 | 2.76 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[3]

– Во август, просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор е намалена за 0,03 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,20%. Надолната промена се должи на падот на каматните стапки на сите компоненти, и тоа: каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,04 п.п. и 0,03 п.п., соодветно) и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,02 п.п.). На годишна основа, каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор бележи намалување за 0,16 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, овој месец, изнесува 4,90% и забележа месечен пад од 0,06 п.п. Анализирано по валута, падот е резултат на намалените каматни стапки на кредитите во странска валута и на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,23 п.п. и 0,12 п.п.), додека каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула бележат раст (за 0,79 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,83 п.п.







Извор: НБРСМ.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Во август, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор оствари месечен пад од 0,08 п.п. и изнесува 2,20%. Промената произлегува од намалените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,10 п.п. и 0,09 п.п., соодветно), при непроменети каматни стапки на денарските депозити со валутна клаузула. Во споредба со истиот месец од претходната година, оваа каматна стапка е зголемена за 0,12 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити[4] на корпоративниот сектор, овој месец, е намалена за 1,04 п.п. на месечна основа и изнесува 1,99%. Надолната промена е резултат на падот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 1,13 п.п. и 0,44 п.п., соодветно). Овој месец, банките и штедилниците не евидентирале новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор е зголемена за 0,18 п.п. на годишна основа.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[5]







Извор: НБРСМ.

– Во август, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата изнесува 5,66% и забележа месечен пад од 0,01 п.п. Притоа, падот во целост се должи на намалените каматни стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.), во услови на непроменети каматни стапки на денарските кредити без валутна клаузула и на кредитите во странска валута. Оваа каматна стапка е зголемена за 0,05 п.п. на годишна основа.

[4] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[5] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Кај просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, во август, е забележан месечен пад од 0,06 п.п. и изнесува 5,28%. Анализирано на годишна основа, каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е зголемена за 0,04 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во август, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата изнесува 1,93% и на месечно ниво е зголемена за 0,04 п.п. Нагорната промена произлегува од растот на каматните стапки на сите компоненти: каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула (за 0,12 п.п. и 0,05 п.п., соодветно) и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,03 п.п.). На годишно ниво, оваа каматна стапка бележи раст за 0,43 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[6], овој месец, е повисока за 0,08 п.п. и изнесува 2,76%. Месечниот раст се должи на зголемените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,08 п.п. и 0,07 п.п., соодветно), во услови кога кај банките и штедилниците не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Споредено на годишна основа, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е зголемена за 0,44 п.п.

***

[6] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 октомври 2024 година (референтен пресек заклучно со септември 2024 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.